За Лидија

РЕВ1-46/22

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Снежана Ѓорѓиеска Зекирија - претседател на совет, Мирјана Радевска Стефкова, Владимир Стојаноски, Исамедин Лимани и м-р Катерина Георгиевска - членови на советот, во правната работа на тужителот Трговско друштво за производство, трговија и превоз КИКА ТРЕЈД ДООЕЛ експорт - импорт Скопје против тужениот Друштво за трговија, консалтинг и услуги МАР – КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје, за долг, вредност на спорот 5.202.122,00 денари, одлучувајќи по изјавената ревизија од тужениот преку полномошник Васко Стојков адвокат од Адвокатско друрштво Веритас од Битола против пресудата на Апелациониот суд Скопје ТСЖ-606/21 од 10.12.2021 година, на седница одржана на ден 20.09.2023 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Ревизијата на тужениот, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

О б р а з л о ж е н и е

Основен граѓански суд Скопје со пресуда ТС-83/20 од 04.12.2020 година, го усвоил тужбеното барање на тужителот, па го задолжил тужениот на тужителот да му плати износ од 5.202.122,00 денари, со законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБ на РСМ што за секое полугодие важела на последниот ден на полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за десет проценти поени сметано од поднесување на тужбата од 31.03.2015 година до 02.04.2020 година, а од 03.04.2020 година со законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБ на РСМ што за секое полугодие важела на последниот ден на полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за пет проценти поени до 30.06.2020 година, а по 30.06.2020 година, со законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБ на РСМ што за секое полугодие важела на последниот ден на полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за десет проценти поени до исплатата. Го задолжил тужениот да му надомести на тужителот трошоци во износ од 159.200,00 денари, а поголемото барање за досудување на трошоци по постапката за разликата во износ од 52.780,00 денари го одбил како неосновано.

Апелациониот суд Скопје со пресуда ТСЖ-606/21 од 10.12.2021 година, жалбата на тужениот ја одбил како неоснована и ја потврдил пресудата на Основен граѓански суд Скопје ТС-83/20 од 04.12.2020 година.

Против второстепената пресуда, ревизија изјави тужениот преку полномошник Васко Стојков адвокат од Адвокатско друрштво Веритас од Битола, поради суштествена повреда на одредбите на постапката и погрешна примена на материјалното право, со предлог ревизијата да се уважи и првостепената и второстепената пресуда да се укинат и предметот да се врати на првостепениот суд на повторно одлучуваање или да се преиначат на начин што ќе се одбие како неосновано тужбеното барање на тужителот.

Врховниот суд на Република Северна Македонија по проучување на списите во предметот и наводите во изјавената ревизија, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 377 став 3 од Законот за парнична постапка, најде:

Ревизијата е неоснована.

Неоснован е наводот во ревизијата за сторена суштествена повреда од член 343 став 2 точка 14 од Законот за парнична постапка, од причина што по наоѓање на овој суд побиваната пресуда со која е потврдена првостепената пресуда е јасна и разбирлива, содржи доволно образложени и аргументирани причини за решителните факти, не постои противречност на причините за таквото одлучување, поради што пресудата може во целост и со сигурност да се испита.

Неосновани се ревизиските наводи на тужениот за сторена суштествена повреда на одредбите на постапката од член 343 став 1 в.в. со член 8, член 206 став 1, од Законот за парнична постапка, дека првостепениот суд при одлучувањето погрешно ги применил овие одредби. Ова од причини што, со истакнатиот навод се укажува на сторена релативна суштествена повреда во постапката пред првостепениот суд, по кој основ ревизија неможе да се изјави согласно член 375 став 1 точка 2 од Законот за парнична постапка.

Неосновани се и ревизиските наводи на тужениот за сторена суштествена повреда на одредбите на постапката од член 343 став 1 в.в. со член 366 од Законот за парнична постапка, бидејќи второстепениот суд одлучувајќи по жалбените наводи на тужениот, постапил согласно член 363 став 1 од истиот закон,односно во својата одлука ги оценил сите жалбени наводи кои се од решително значење за одлучување, и за истите дал доволно образложени причини. Правилен е заклучокот на второстепениот суд дека судот на кого предметот му е вратен на повторно судење е врзан со правното сфаќање врз основа на кое е укината првостепената пресуда, меѓутоа тоа секогаш не значи донесување на поинаква одлука туку судот на кого предметот му е вратен треба да постапи по дадените напатствија во насока на примена на одредби од процесното или материјалното право или во насока на доутврдување на факти од доказите.

Неоснован е наводот од ревизијата за погрешна примена на материјалното право, ако се има во предвид утврдената фактичка состојба.

Имено, судовите утврдиле дека на ден 31.03.2012 година, помеѓу доверителот Панаком, првобитниот должник Мар Компани и превземачот на долгот Кика трејд бил склучен договор за превземање долг со кој Кика Трејд како нов должник го превземал долгот на Мар Компани како првобитен должник кон Панаком како доверител, во износ од 6.402.149,00 денари. Со овој договор Мар компани како должник ги затворил своите обврски кон Панаком ДООЕЛ во износ од 6.402.149,00 денари во корист на Кика Трејд. Кика Трејд како превземач на долгот имала обврска да исплати во корист на Панаком износ од 6.402.149,00 денари кој првобитно ги имал како побарување од Мар Компани. Согласно вештиот наод и мислење сега тужителот има евидентирано побарување од тужениот во вкупен износ од 5.202.121,50 денари, за кој е и усвоено тужбеното барање на тужителот.

На основа вака утврдените факти од првостепениот суд, а во целост прифатени од второстепениот суд, по оценка на овој суд правилно пониските судови го примениле материјалното право кога оцениле дека тужениот имал долг према тужителот во вкупен износ од 5.202.122,00 денари денари, кој е утврден од вештото лице и правилно ги примениле одредбите од член 10, 251, 545 од Законот за облигациони односи.Ова во согласност и со член 434 и 438 од Законот за облигациони односи.

При одлучувањето овој суд ги ценеше ревизиските наводи дека пониските судови не утврдиле кога настанала обврската на Мар компани спрема Панком и по кој основ, кое нешто е од значење по однос на тоа дали побарувањето на сега тужителот е застарно, дека кај тужениот е евидентирана обврска спрема Панком ДООЕЛ во износ од 5.426.000,00 денари и обврска на конто 220 од 976.149,00 денари со дата од 01.01.2012 година па сметано до поднесување на тужбата настапила застареност на побарувањето на тужителот, дека според дополнението на вештиот наод и мислење обврската на тужениот спрема тужителот настапила по договор од 01.07.2012 година, но за истите оцени дека се неосновани и без влијание за поинакво одлучување. Ова од причина што правилно пониските судови го примениле материјалното право, кога оцениле дека обврската на тужениот према тужителот настанала со договорот за превземање на долг од 31.03.2012 година и целиот износ на побарувањето на тужителот према тужениот неспорно произлегува од изведените докази особено од вештачењето. Правилен е заклучокот на пониските судови дека тужбеното барање не е застарено, ако се има во предвид дека обврската на тужениот за плаќање на предметниот долг произлегла од договорот за превземање на долг од 31.03.2012 година, па сметано до поднесување на тужбата на 31.03.2015 година не изминал законскиот рок од 3 години за поднесување на тужба, ниту 5 години во смисла на член 360 од Законот за облигационите односи, поради што тужбеното барање не е застарено.

За останатите ревизиски наводи, овој суд оцени дека дел веќе биле ценети од страна на второстепениот суд и за истите во побиваната одлука има дадено доволно образложени причини со кои во целост се согласува и овој суд, а дел се без влијание за поинакво одлучување, па следуваше да се одлучи како во изреката, согласно член 384 став 1 од Законот за парнична постапка.

Пресудено во Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 20.09.2023 година под РЕВ1-46/22.

Претседател на советот - судија
Снежана Ѓорѓиеска Зекирија с.р.

За точноста на отправокот – т в р д и:секретар,